Јавно Комунално Претпријатие
БРЕГАЛНИЦА ПО
Бр. 0302-35/1
17.01 2023 год.
ДЕЛЧЕВО

*ЈКП "БРЕГАЛНИЦА"-ДЕЛЧЕВО*
*Ул. "М.М.Брицо"бр.36,2320 Делчево, Р.Македонија*
*тел.033/411 254,тел./факс033/411 100*

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ДЕЛЧЕВО

| Примено: 17.01.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 09 | a. | | |

ДО
СОВЕТОТ НА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

ПРЕДМЕТ: Достава на предлог материјали за седница на Совет

Согласно член 11 став 1 точка 7 и 8 од Законот за јавни претпријатија ("Сл.весник на Р.М." бр. 38/96) Ви ги доставуваме следните предлог материјали за дневниот ред на првата наредна седница на Советот:

1. Донесување на Одлука за давање согласност на Програмата за работа на ЈКП "Брегалница"-Делчево за 2023 година.

Образлагач: Стојче Стојковски - Директор

Прилог:
- Програма за работа на ЈКП "Брегалница"-Делчево за 2023 година број 0102-408/1 од 27.12.2022;
- Одлука на УО за усвојување на Програмата за работа на ЈКП Брегалница -Делчево за 2023 година бр. 0202-413/2 од 29.12.2022 год.

17.01.2023 год.

ЈКП"Брегалница"-Делчево
Директор
Стојче Стојковски

Јавно Комунално Претпријатие
БРЕГАЛНИЦА ПО
Бр. 0202-413/2
29 12 2022 год.
ДЕЛЧЕВО

Врз основа на член 19 став 2 точка 2 од Законот за јавни претпријатија ("Сл.весник на РМ" бр.38/96) и член 15 став 1 точка 2 и член 25 од Статутот на ЈКП"Брегалница"-Делчево , Управниот одбор на својата редовна седница одржана на ден 29.12.2022 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

## За усвојување на Програмата за работа на ЈКП "Брегалница"-Делчево за 2023 година

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Програмата за работа на ЈКП"Брегалница"-Делчево за 2023 година број 0102-408/1 од 27.12.2022 год.

Член 2

Програмата за работа на ЈКП"Брегалница"-Делчево за 2023 година да биде доставена до Советот на Општина Делчево за давање на нејзина согласност.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

29.12.2022 год.

Јавно Комунално Претпријатие БРЕГАЛНИЦА ПО Делчево

Управен одбор
Претседател
Владимир Мерзликин

ЈКП"Брегалница"-Делчево
Бр. 0102-408/1
27.12..2022 год.
Д Е Л Ч Е В О

Врз основа на член 19 став 2 т. 2, член 23 став 5 од Законот за јавни претпријатија , член 15 став 1 точка 2 и член 25 од Статутот на ЈКП "Брегалница"-Делчево, Директорот ја предлага следната:

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈКП "БРЕГАЛНИЦА"-ДЕЛЧЕВО ЗА 2023 ГОДИНА

## Вовед

ЈКП"Брегалница"-Делчево е јавно претпријатие основано од Општина Делчево заради вршење на комунални дејсности кои се од јавен интерес и кои се незаменлив услов во животот на граѓаните и стопанските субјекти во Општина Делчево, и тоа посебно во сферата на дистрибуцијата на вода за пиење и собирањето на комунален цврст отпад.

За успешно извршување на својата дејност а согласно со член 15 и 25 од Статутот на претпријатието на предлог на директорот се донесува Програма за работа и развој на претпријатието.

При изготвувањето на Програмата за работа е појдено пред се од целите и интересите за постигнување на што подобри резултати во работењето врз база на целосно искористување на капацитетите, максимално подигање на нивото на услугите , максимална искористување на вработените и опремата а во исто време максимално намалување на трошоците на работењето.

Во текот на 2023 година ЈКП "Брегалница"-Делчево посебен ангажман ќе посвети на следните дејности:

-дистрибуција на чиста и здрава вода за пиење;
-одведување на урбани отпадни води преку канализационата мрежа;
-собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад;
-расчистување на диви депонии во градот и руралните населби.
-изградба на нова и реконструкција на постојна водоводна и канализацинона мрежа и друг вид на јавна инфраструктура;
-чистење и метење на улици и јавни површини;
-одржување и уредување на паркови и јавни зелени површини;
-одржување, уредување и управување со градски гробишта и градска капела;
-одржување на градски пазар;
-одржување на јавното улично осветлување во Општина Делчево.
-изградба на нови и реконструкција на постојни пристапни и пешачки патеки и тротоари;
-крпење на ударни дупки, прекопи на улици и др.

За што поуспешно извршување на својата дејност а во согласност со Статутот, претпријатието е организирано во 5 работни единици-Сектори, и тоа:

1.Сектор за Општи и правни работи;
2.Сектор за Финансии, сметководство и комерција
3.Сектор за Водовод и канализација;
4.Сектор за Комунална хигиена;
5.Сектор за Градско зеленило и гробишта.

**Сектор Општи и правни работи**

Секторот за Општи и правни работи ги извршува сите работи што се од заеднички карактер за Претпријатието и останатите работни единици и работите околу правилно и законско функционирање на целокупното работење. Исто така се грижи за сите правни и административно-технички работи (следење на законските прописи, подготвување и усогласување на општите акти, архивирање, евиденција и средување на актите и др.)

Посебен акцент од делокругот на оваа работна единица се става на работите од областа на работните односи-заштитата на правата на работниците и нивно усовршување, информираноста на вработените како и работите од доменот на заштитата на имотот, побарувањата и правата на Претпријатието.

Со цел зголемување на ефикасноста во работењето правната служба е задолжена за преземање на сите законски мерки за наплата на побарувањата од корисниците на услуги, односно за таа цел ќе бидат поднесени до надлежните Нотари предлози за донесување на решенија со кои се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа односно ќе бидат покренати постапки за присилна наплата на долгот од нередовните корисници на услуги.

Во текот на 2023 година во делокругот на оваа работна единица се планира усогласување на Статутот на ЈКП Брегалница-Делчево со измените на Законот за јавни претпријатија, донесување на повеќе општи акти (правилници и одлуки) со кои ќе се усогласи работењето на претпријатието со новите законски, односно се планира донесување на нов правилник за плати и додатоци на плата согласно Законот за вработени во јавниот сецтор, нови правилници и акти од областа на безбедност и здравје при работа како и изготвување на програма и спроведување на обука за безбедност и здравје при работа на сите вработени.

**Сектор Финансии, сметководство и комерција**

Од областа на финансиското работење се врши изготвување на финансиски планови и анализи за работата на Претпријатието, реализација на побарувањата и обврските, изготвување на сметководствени извештаи (периодични и годишни), Годишна сметка, прегледи и биланси за состојбата во соодветниот период, за работите околу осигурувањето, јавните набавки и комерција како и ажурирање и точно водење на податоците и вршење на наплата на услугите кои ги дава Претпријатието преку службата на инкасатори.

Во координација со останатите работни единици посебно внимание ќе се посвети на наплатата на фактурите од корисниците на услуги односно на зголемување на реализацијата и ефикасноста во работењето како предуслов за квалитетно извршување на услугите.

Во 2023 година ќе се продолжи со унапредување и усовршување на наплатата на фактури по електронски пат преку web страната на ЈКП Брегалница како и внесување на состојбата на водомерите по електронски пат со што сметаме дека ќе се подобри процентот на наплата и ќе се олесни наплатата за самите корисници кои преку креирање на свој профил секојдневно ќе имаат увид во своите обврски по основ на неплатени фактури за извршени комунални услуги.

Согласно Бизнис планот за период 2022-2024 изработен во 2021 година и согласно решенијата на Регулаторна комисија за утврдување на тарифи за водоснабдување и одведување на урбани отпадни води за период 2022-2024, донесени врз основа на Законот за утврдување на цени на водните услуги, ЈКП Брегалница ќе врши фактурирање на услугите за водоснабдување и одведување на урбани отпадни води по следните тарифи за кои согласност има дадено Советот на Општина Делчево:

| **Водна услуга/вид на корисник** | **Единица** | **2023 год.** |
|---|---|---|
| **Водоснабдување** | | |
| Домаќинства | МКД/м3 | 39,53 |
| Правни лица | МКД/м3 | 65,62 |
| **Собирање и одведување на урбани отпадни води** | | |
| Домаќинства | МКД/м3 | 13,82 |
| Правни лица | МКД/м3 | 23,09 |

## ПРОЦЕНТ НА НАПЛАТА ЗА 2022 ГОДИНА
**(Наплатено до 21.12.2022 за фактуриран период од 01/2022 до 11/2022)**

| **Корисници** | **Фактурирано** | **Наплатено** | **Процент на наплата** |
|---|---|---|---|
| Физички лица | 30.860.104,00 | 26.459.996,00 | 85,74% |
| Правни лица | 6.954.385,00 | 5.794.590,00 | 83,32% |
| Градски пазар | 1.035.717,00 | 823.401,00 | 79,50% |

Со цел намалување на неприходованата вода во 2023 година ќе се продолжи односно докомплетира процесот на отчитување на водомерите со помош на мобилни телефони со помош на која апликација ќе имаме реална состојба за потрошената вода кај секој корисник и реално фактурирање на услугите кое нешто треба да доведе до зголемување на приходите од вода и канализација.

За спроведување на оваа цел во текот на 2023 година ќе се продолжи со ажурирање на базата на податоци за корисниците.

**ФИНАНСИСКА ПРОЕКЦИЈА НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2023 ГОД**
**СЕКТОР ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ И СЕКТОР ФИНАНСИИ**

| **РАСХОДИ -конто** | **ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ** | **Износ** |
|---|---|---|
| 420 дел | Бруто плата на административни работници | 11.157.228 |
| 407 | Канцелариски материјали | 300.000 |
| 401020 | Средства за одржување-управа | 80.000 |
| 402000 | Електрична енергија управа | 190.000 |
| 402020 | Нафта -шкода јети | 150.000 |
| 402021 | Огревни дрва-управа | 300.000 |
| 411000 | ПТТ Услуги | 20.000 |
| 411100 | Фиксна телефонија,интернет | 36.000 |
| 411 | Мобилна телефонија | 112.000 |
| 413011 | Одржување на возила-опел вектра,шкода јети,лада,тико | 60.000 |
| | Други трошоци-режиски(репрезентација,советувања,членарини,сл.весници, дневници за службени патувања, надоместоци за управен одбор,спонзорства ,трошоци за платен промет,данок на имот.....) | 500.000 |
| | Одржување на интегриран софтверски пакет за сметководство | 60.000 |
| 407000 | Автогуми во употреба | 40.000 |
| 419001 | Нотарски услуги,адвокатски услуги | 160.000 |
| 419009 | Осигурување на возила | 30.000 |
| 413 дел | Набавка на електоматеријали за тековно одржување | 10.000 |
| 419 дел | Систематски здравствени прегледи на вработените | 16.000 |
| 419 дел | Изработка на Елаборат за анализа и оцена на стабилноста и функционалноста на Брана Лошана и за стабилноста на теренот околу браната | 60.000 |
| 419 дел | Геодетско мерење за брана лошана | 260.000 |
| | ХТЗ Опрема | 50.000 |
| | Агенција за привремени вработувања | 350.000 |
| | **ВКУПНО** | **13.931.228** |

| **ИНВЕСТИЦИИ 2023** | **ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА** | **Износ** |
|---|---|---|
| 012 | Компјутери и компјутерска опрема | 60.000 |

**Сектор Водовод и канализација**

Работната единица- Водовод и канализација ги врши сите работи со кои се реализира зафаќање, доведување и дистрибуција на вода, изградба на нови водоводни и канализациони линии, реконструкција и замена на постоечките водоводни и канализациони линии, одржување на филтер станица и пумпни станици како и тековно и инвестиционо одржување на комплетната водоводна и канализациона мрежа во градот и општината.

Снабдувањето со вода за пиење се врши од системот за водоснабдување Брана "Лошана" и пумпните станици во Тработивиштеи Делчево кои во 2022 година во рамките проекот за водонсабдување на Делчево се комплетно заменети со нови пумпи и со капацитет кој е двојно поголем од досегашните така што во случај на енормно високи температури и суши во летниот период истите се вклучуваат во системот за водоснабдување со што не би имало никаков проблем со водоснабдувањето и во летниот период. Додека во населените места Град и Габрово како и Разловци водоснабдувањето се врши од посебни пумпни станици кои се во исправна состојба и се врши нивно редовно одржување а се користистат и постојните дренажни системи.

Во текот на 2023 година очекуваме да заврши реализацијата на проектот за водоснабдување на Делчево и ќе биде ставена во функцијата нова пречистителна станица со која капацитетот на преработена вода од сегашните 28 л/с ќе се зголеми на 60 л/с со што трајно ќе се реши проблемот со водоснабдувањето во Делчево и населените места кои ќе бидат приклучени на главниот водоснабдителен систем. Населеното место Звегор исто така за прв пат ќе се приклучи на системот за водоснабдување а согласно Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2023 година планирано е поврзување и населеното место Вирче на овој систем. Во Звегор и Габрово ќе се изврши целосна замена на примарната и на секундарната мрежа со што во голема мера ќе се намали процентот на неприходована вода.

Исто така во рамките на овој проект ќе биде изградена и фотоволтаична централа со чие ставање во функција во голема мера ќе се намалат расходите за електрична енергија за пречистителната станица и бунарското подрачје во Тработивиште..

Главна активност и во 2023 година ќе биде тековното одржување и поправката на дефектите на главниот доводен цевковод од Брана Лошана до Филтер станица Тработивиште и од Филтер станицата до влезот на градот Делчево со пречник ф315мм и ф400мм, поправката на дефекти на примарната и секундарната градска водоводна мрежа, и водоводната мрежа во селските населби.

**Преглед на водоводна дистрибутивна мрежа**
**која тековно ќе се одржува-според материјалот на цевките**

| Материјал | Должина (km) | % |
|---|---|---|
| Поцинкувани, Дуктилно железо | 0.14 | 0.2% |
| Азбест цемент | 16.95 | 22.1% |
| Полиетиен (HDPE, MDPE) | 23.52 | 30.7% |
| Поливинилхлорид (PVC) | 35.9 | 46.9% |
| Челични | 0.07 | 0.1% |
| **Вкупно** | **76.58** | **100%** |

Главна цел на оваа работна единица и во 2023 година ќе биде непрекинато снабдување со здрава и исправна вода за пиење до околу 4700 домаќинства и 320 правни субјекти- приклучени на јавниот водоснабдителен систем како и одведувањето на урбаните отпадни води преку канализациониот систем.

**Преглед на приклучоци на вода и канализација по населени места**

| | | Водоснабдување | Водоснабдување | Канализација | Канализација |
|---|---|---|---|---|---|
| **Населба** | **Приклучено население** | **Домаќинства** | **Правни лица** | **Домаќинства** | **Правни лица** |
| Делчево | 11646 | 3729 | 313 | 3710 | 313 |
| Разловци | 601 | 208 | 3 | 208 | 3 |
| Габрово | 654 | 217 | 2 | 216 | 2 |
| Град | 388 | 152 | 1 | - | - |
| Трaботивиште | 388 | 182 | 2 | 183 | 2 |
| Стамер | 283 | 97 | 1 | - | - |
| Полето | 168 | 140 | 1 | 85 | 1 |
| **Вкупно:** | **14128** | **4725** | **323** | **4402** | **321** |

Имајќи ги во предвид податоците од претходните години планираната дистрибуција на вода за пиење и планираното одведување на урбани отпадни води во 2023 година по категорија на корисници би изгледало вака:

Во 2023 година се планира преку јавниот водоснабдителен систем да се дистрибуира до крајните корисници вкупно 565.915 м3 вода за пиење.

**Потрошувачка на вода по потрошувачи за 2023 година**

**-Домаќинства**

| | | |
|---|---|---|
| Население | Бр. | 15,100 |
| Приклучено население | Бр. | 14,000 |
| **Процент на приклученост** | **%** | **92%** |
| Просечна специфична потрошувачка | л/лице/ден | 100 |
| **Потрошувачка-домаќинства** | **м3/год.** | **516.088** |

**-Правни лица**

| | | |
|---|---|---|
| Број на корисници | Бр. | 323 |
| Просечна специфична потрошувачка | л/прикл/ден | 422 |
| **Потрошувачка – Правни лица** | **м3/год.** | **49.827** |

| | | |
|---|---|---|
| **ВКУПНА ПОТРОШУВАЧКА НА ВОДА (домаќинства + правни лица)** | **м3/год.** | **565.915** |

Исто така една од дејностите на оваа работна единица е одржување и чистење на канализациониот систем во градот Делчево и околните села кој е во вкупна должина од 72.5км.

| Бр. | Тип на канализациона мрежа | Должина (km) | Процент |
|---|---|---|---|
| 1 | Комбиниран систем за одведување на урбани отпадни води | 70,5 | 97% |
| 2 | Одвоен систем за одведување на атмосферски води | 2,5 | 3% |
| Вкупно | | 73 | 100% |

Во 2023 година се планира да се одведат преку градската канализациона мрежа на отпадни фекални води вкупно 504.114 м3 урбани отпадни води.

**Одведување на отпадни води по групи на потрошувачи за 2023 година**

**Домаќинства**

| | | |
|---|---|---|
| Население | Бр. | 15,100 |
| Приклучено население | Бр. | 13,150 |
| Процент на приклученост | % | **87%** |
| Специфичен проток на отпадните води | л/лица/ден | 94 |
| **Потрошувачка - Домаќинства** | **m3/год.** | **450.559** |

**Правни лица**

| | | |
|---|---|---|
| Број на крисници – правни лица | Бр. | 321 |
| Специфична потрошувачка – правни лица | л/пркл./ден | 457 |
| **Потрошувачка - Комерцијални/индустрија** | **m3/год.** | **53.555** |

| | | |
|---|---|---|
| **ВКУПНО ПРОТОК НА ОТПАДНИ ВОДИ:** | **m3/год.** | **504.114** |

За реализација на планираните активности во 2023 година во овој Сектор од сопствени приходи се планираат вкупно 1.000.000,00 денари средства за реконструкција на постојни водоводни линии додека остатокот од потребни средства се планираат да се обезбедат од средства од Буџетот на Општина Делчево , средства од Буџетот на РСМ (по огласи, конкурси и др.) како и од домашни и странски донатори.

| Планирана активност |
|---|
| Реконструкција на крак на водоводна линија на ул. Питу Гули и ул. Кирил и Методиј во должина од 250м1 |
| Замена на старите азбестно цементни цевки со ПЕ цевки на ул Велко Влаховиќ во должина од 500 м1, Пере Тошев во должина од 600м1, Дел од ул Вера Јоциќ, ул. Никола Карев, и Ул. Даме Груев проектот е во тек на реализација преку МЖСПП и Општина Делчево и ќе заврши во 2023 година а ЈКП ќе изврши поврзување на корисниците на новата водоводна линија. |
| Санација на водоводни и канализациони шахти во градот Делчево и селата(Габрово, Град, Стамер, Тработивиште и Разловци) околу 50 броја. |
| Реконструкција на крак од водоводна линија на ул. Григор Прличев во должина од 220 метри со пречник ф63 со изградба на заеднички водомерни шахти |

Во овој Сектор се планирани и активности кои се усогласени со Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2023 година.

| Р.б. | Локалитет-населба | Опис на активноста |
|---|---|---|
| 1 | Милково Брдо | Реконструкција на дел од водоводна мрежа |
| 2 | Звегорска река | Довршување на канализација покрај регионален пат Делчево-Берово |
| 3 | Стара Партизанка и Пекара | Доградба на фекална канализациона мрежа |
| 4 | Старо Делчево | Изградба на канализациони линии |
| 5 | Старо Делчево | Канализирање на Пустевски ендек |
| 6 | Стар расадник | Доградба на фекална канализациона мрежа |
| 7 | Пролет | Изградба на дел од водоводна мрежа |
| 8 | Пролет | Доградна на фекална канализација |
| 9 | Пролет | Изградба на фекална и атмосферска канализација за дел од нас.Пролет |
| 10 | Пролет | Дислокација на главен цевковод ф200 низ населба Пролет |
| 11 | Грамадна (пред Звег.река) | Доградба на водоводна мрежа |
| 12 | Грамадна (пред Звег.река) | Доградба на канализациона мрежа |
| 13 | Грамадна (пред Звег.река) | Изградба на дел од атмосферска канализација |
| 14 | с.Тработивиште | Изгрдаба на филтер станица за вода за пиење |
| 15 | с.Звегор | Довршување на канализација |
| 16 | с.Звегор | Изградба на потисен цевковод и реконструкција на водоводна мрежа |
| 17 | с.Габрово | Довршување на канализација |
| 18 | с.Габрово | Изградба на потисен цевковод и реконструкција на водоводна мрежа |
| 19 | с.Вирче | Реконструкција на водоводна мрежа |

Активностите усогласени со Програмата за уредување на градежно земјиште на Општина Делчево за 2023 година ќе бидат финансирани од Буџетот на Општина Делчево и дел наше учество со работна рака и механизација.

Обемот и динамиката на нивното извршување ќе биде одредено од Општина Делчево

**ФИНАНСИСКА ПРОЕКЦИЈА НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2023 ГОД**
**СЕКТОР ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА**

| ПРИХОДИ 2023 -конто | ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ 2023 | Износ |
|---|---|---|
| 740000 | Приходи од вода-правни субјекти | 3.269.000 |
| 740004 | Приходи од вода-физички лица | 20.400.000 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ ОД ВОДА** | | **23.669.000** |
| 740001 | Приходи од канализација-правни субјекти | 1.236.000 |
| 740003 | Приходи од канализација-физички лица | 6.226.000 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ КАНАЛИЗ.** | | **7.462.000** |
| 740007 | Приходи од приклучок на водовод | 300.000 |
| 740008 | Приходи од магацин | 20.000 |
| 740084 | Приходи од чистење на канал.-ел.сајла | 50.000 |
| 774 дел;769 дел.... | Вонредни приходи | 50.000 |
| **ВКУПНО** | | **420.000** |

| ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ВО 2023 ГОД. | Износ |
|---|---|
| Набавка на електро материјали за тековно одржување-водовод | 50.000 |
| Набавка за огревно дрво-филтер станица | 130.000 |
| Авто гуми во употреба | 460.000 |
| Хтз опрема | 100.000 |
| Набавка на моторни масла и течности/нафта | 850.000 |
| Набавка на алуминиум сулфат и полиелектролит | 1.200.000 |
| Резерви делови за градежни машини,лада,вектра,фап | 700.000 |
| Набавка на течен хлор во боци | 300.000 |
| Електрична енергија -пумпи | 3.500.000 |
| Осигурување на возила и регистрација | 20.000 |
| Анализа на вода за пиење | 250.000 |
| Телекомуникациски услуги | 56.000 |
| Бруто плати | 8.000.000 |
| Набавка на водоводни материјали за реконструкција на водоводни линии | 1.000.000 |
| Набавка на водоводни материјали за тековно одржување и водомери | 3.500.000 |
| Трошоци за дистрибуција на ел.енергија | 1.000.000 |
| Одржување на возила | 140.000 |
| Трошоци за преглед на работници | 14.000 |
| Набавка на материјали алати | 3.300.000 |
| Привремени вработувања | 1.500.000 |
| **ВКУПНО** | **23.070.000** |

| ИНВЕСТИЦИИ 2023 | ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Половно патничко возило | 350.000 |
| 2. | Плински уред за возило | 100.000 |

**Сектор Комунална хигиена**

Работните активности планирани за 2023 година во оваа работна единица се состојат во секојдневно собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад од домаќинствата како во градот Делчево и приградските населби (Басарица и Ѕвегорска река) така и во селата Разловци,Триботивиште, Град, Звегор,Габрово и Полето, како и комуналниот отпад од Граничниот премин Делчево , од излетничките места на планината Голак (Вила Гранит, објектите на ЈП Македонски шуми и на АД Фротирка), од локалитетот Баткова чешма и Очипалска река на регионалниот пат Делчево-М.Каменица како и од 5 контејнери кај с.Бигла.

Во 2023 година се планира да се започне со собирање на комунален отпад од сите корисници на комунални услуги од преостанатите поголеми рурални населени места каде до сега оваaa услуга не се извршува и тоа во селата Стамер , Вирче, Бигла и ако има услови и во Истевник како и целосно покривање со услугата во Звегор каде во моментот сите жители не ја користат услугата, за што ќе се побара одлука од Советот на Општина Делчево.

Во 2023 година се планира услугата за собирање на комунален отпад за корисниците од сите населени места каде ја извршуваме услугата да се фактурира по идентична - иста цена како и за корисниците во градот Делчево односно по цена од станбена и дворна површина од м2 утврдена со одлука на Советот бидејќи до сега за некои населени места од страна на Советот на Општина Делчево имаше утврдени посебни цени кои не соодветствуваат со напред наведената одлука.

Исто така се врши секојдневно собирање на индустрискиот и комерцијалниот отпад од стопанските субјекти во градот со кои имаме склучено договори.

Во основните дејности на оваа работна единица спаѓа и уредувањето, одржувањето и стопанисувањето со градската депонија Острец на која се врши депонирање на целокупниот отпад.

Покрај редовното и секојдневно собирање на комуналниот отпад, во есенските месеци (Октомври,Ноември и Декември) ќе се врши дополнително собирање и изнесување и на растителниот отпад од дворните места на физичките и правните лица како и на габаритниот отпад од физичките лица.

За поефикасно извршување на работните задачи од овој сектор изготвен е Оперативен план за собирање на отпадот по денови и улици, со кој е утврден денот во кој се врши собирањето на отпадот од секоја улица, реон или село и кој е составен дел на оваа Програма за работа.

Во 2023 година се планира да се собере вкупно 8.000 тони комунален отпад и тоа од околу 4.400 домаќинства и од околу 320 правни лица согласно Оперативниот план за собирање и депонирање на отпад.

Покрај комуналниот отпад во 2023 година се планира да се собере и депонира и околу 200 тони индустриски и комерцијален отпад од стопански субјекти со кои имаме склучено договори, претежно отпад од кроење од конфекциите во градот.

За вршењето на горенаведените дејности ЈКП "Брегалница"-Делчево за 2023 година ја има следната техничка опременост:

Специјални товарни возила за собирање на отпад:
- RENAULT D
- IVECO 70 C 18H WX
- IVECO DAILY 65 C 15/35
- DAIMLER BENZ 2222
-MERCEDES 1213

Трактори со приклока:
- Трактор со приколка IMT 539
- Трактор со приколка IMT 565

Градежни машини за уредување на депонија Острец
-Ровокопач -утоварач HIDROMEK 102s
-Ровокопач -утоварач JCB 3CX

Товарни моторни возила-камиони:
-MAN 8.136 F 36
-ФАП 1314
-УАЗ Профи

Во 2023 година се планира набавка на уште еден нов трактор со приколка за собирање отпад со што ќе се подобри услугата и ќе се врши редовно и навремено собирањето на отпадот од домаќинствата во руралните средини и во деловите во градот во кои не може да се пристапи со специјалните товарни возила.

Целокупниот отпад од градот Делчево, селата и приградските населби се транспортира и депонира во градска депонија Острец.

Локацијата на депонијата Острец Делчево се наоѓа на оддалеченост од 5,5 км од градот на патот за стариот граничен премин Црна Скала кон Р.Бугарија.

Површината на истата изнесува некаде околу 1,8 хектари. Од сите страни е опколена со шуми.

Од излезот на градот Делчево до самата депонија патот е земјен (неасфалтиран) и тоа ни претставува голем проблем, посебно во зимски услови при снежни врнежи како и при поројни дождови кои го оштетуваат патот и го отежнуваат па дури и целосно попречуваат движењето на нашите возила по истиот. Поради тоа принудени сме самите да ги санираме оштетувањата на патот со пополнување на дупките со песок и порамнување на патот.

На влезот на депонијата е изградена чуварска куќа со гаража наменета за градежна машина за чистење на депонијата, која во текот на 2023 година се планира целосно да се опреми и оспособи и со зајакнување на чуварска служба да се спречат сите злоупотреби и оштетувања кои ги имаме во изминатиот период.

Во 2023 година се планира еднаш месечно целосно чистење на депонијата со градежните машини со кои располагаме како и затрупување и настилање на песок со цел отварање на простор за депонирање на собраниот отпад од домаќинствата и правните субјекти.

Во 2023 година ќе се побара од Општина Делчево да се одреди локација за депонирање на инертен отпад -градежен шут, растителен отпад.земја и сл. бидејќи постоечката депонија за инертен отпад на Ралова чука е исчистена и затворена така што одредувањето на нова локација е неопходно со што ќе се спречи таквиот отпад да не се депонира на депонијата за комунален отпад.

Исто така и во 2023 година е планирано чистење на создадените диви депонии на повеќе локации во градот и селата .

Во 2023 година ќе продолжи да се е реализира и проектот за собирање и селектирање на ПЕТ амбалажата и на отпадот од хартија согласно договорот склучен со ПАКОМЕК за чија цел веќе се поставени вкупно 5 специјални садови за селектирање на стакло на претходно одредени локации од Општина Делчево а во наредниот период се планираа поставување на уште такви садови како за стакло така и за хартија.

На крај да истакнеме дека во 2023 година ќе ја продолжиме соработката со НУЛА ОТПАД ДОО Скопје, со која фирма веќе е склучен договор, и планираме одредување на локација во дворот на ЈКП Брегалница-Делчево за собирање на : големи и мали домашни електрични апарати, опрема за информатичка технологија, опрема за осветлување, елетрични и електротехнички апарати, електрични играчки, инструменти за следење и контрола, кои им претставуваат товар на граѓаните на Општина Делчево а немаат каде да ги одложат и изнесат од нивните домаќинства.

**ОПЕРАТИВЕН НЕДЕЛЕН ПЛАН ЗА СОБИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД ВО 2023 ГОД.**

| | RENAULT D | MERCEDES 1213 | IVECO 65 C 15/35 | IVECO 70C 18H WX | ТРАКТОР IMT 565 |
|---|---|---|---|---|---|
| ПОНЕДЕЛНИК | Ѓорче Петров<br>Македонска<br>Браќа Миладинови<br>Климент Охридски | Вера Јоциќ<br>Даме Груев<br>Никола Карев<br>Гоце Делчев | Кирил и Методиј<br>(со краци)<br>Пере Тошев(со краци)<br>Рударска | Кочо Рацин<br>Питу Гули<br>Григор Прличев | Басарица,Полето<br>Благој Стоименов<br>Разловечко востан<br>Велко Влаховиќ-крак |
| ВТОРНИК | Бул.Македонија-згр.<br>АВРМ,ФЗО,конфекции<br>Макпетрол,Крзно,ОКИ пр<br>АвтовозачФЕР, Терминал,<br>Макед.пат,ЕВН,Дијализа,<br>Фротирка,Дади Компани<br>Автобуска,Динго,<br>Градинка,Пазар | Кеј на Ослободув.<br>Орце Николов,Пијанечка<br>19 Октомври,Скопска<br>Белградска,Пиринска<br>БулМакедонија<br>(од МикКомер до<br>Шумско- канти)<br>4 Јули | Делчевчанки, Бул.Македон<br>МВР,Суд,Пожарно,<br>Зграда ПАБ Аполон,<br>Згр до МВР,Згради Н.Ј.Вап<br>Панорама, Пошта<br>Хотел-контејнери<br>М.М.Брицо дуќани<br>Бул.Мак од семаф до Зегин | Лика Чопова,Ленинова<br>Трст,Пенз.дом-контејн.<br>Загребска,Охридска<br>Осоговска,О.Николов<br>зграда 6-контејн<br>О.Николов-крак<br>Титоградска,Две липи,<br>Воени згр,Зграда Стоп.б | Звегорска река<br>СРЦ |
| СРЕДА | Шумско, Делпак,<br>ЗД Гоце Делчев,Ажур,<br>Витекс,Старо собрание<br>Старо пазариште<br>8 Септември,Крушевска<br>Рудине,Пијанечки клас,<br>Мотел Санрајз,Хит Дизајн,<br>Делком, конфекц касарна<br>Трла,Солунска | М.Тито (Стар монопол)<br>Иван Милутинивиќ<br>Чифличка,Голем Рид<br>Петрашевска<br>Иво Лола Рибар<br>Јане Сандански-крак<br>Голачка -дел | с.Град<br>с.Габрово | 11 Октомври крак<br>Иво Лола Рибар-дел<br>Голачка дел<br>Мирче Ацев<br>Пролетерска | Јане Сандански-крак<br>11 Октомври-лев крак<br>29 Ноември,Разловечка<br>Голачка Ђкрак<br>Ванчо Прке |
| ЧЕТВРТОК | Кеј на Брегалница<br>Градски гробишта<br>Луна Гив,Манастир<br>Индустриска,С.Маркоивиќ<br>Трендтекс,Анси Мебел,<br>Сервис,Градски Пазар | Велко Влаховиќ<br>Партизанска<br>Првомајска | ОУКлим.Охр.СОУ М.М.Бр<br>Царевоселска,Малешевска<br>Кеј на Брегалница<br>К.Ј.Питу,В.С.Бато,<br>М.Х.Јасмин,Моша Пијаде<br>Х.Т.Карпош-десен крак | Острец<br>Плачковица<br>ОУ Ванчо Прке | Брегалничка,Ген.Темпо<br>Илинденска,Влаинска<br>Паланечка,Плачковица-<br>Острец-краци<br>Пролет |
| ПЕТОК | с.Разловци<br>с.Тработивиште<br>Алпин Ком, Манов,<br>Гранит база<br>ОИЛ ДЕ Бензинска | М.М.Брицо канти<br>Маршал Тито од Муслим.<br>гробишта до Хотел<br>М.Тито дуќани | Делчевчанки +Жито<br>Зграда 43 -Брод<br>АВРМ,Дади комп.канти.<br>ПАБ, Аполон,<br>Згради Н.Ј.Вапцар<br>Панорама,Хотел-контејн<br>Згради воени,Згр О.Никол<br>Бул.Македонија | с.Звегор<br>Рибник Воденица<br>Граничен премин<br>по повик | К.Ј.Питу краци<br>Борис Кидрич<br>В.С.Бато краци<br>Х.Т.Карпош лев крак |

## ФИНАНСИСКА ПРОЕКЦИЈА НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2023 ГОД
## СЕКТОР КОМУНАЛНА ХИГИЕНА

| ПРИХОДИ 2023 - конто | ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ | Износ |
|---|---|---|
| 740002 | Приходи од собирање на отпад-правни субјекти | 3.300.000 |
| 740005 | Приходи од собирање на отпад-домакинства | 8.800.000 |
| 740069 | Приходи од чистење на депонија за инертен отпад | 100.000 |
| | **ВКУПНО** | **12.200.000** |

| РАСХОДИ 2023 конто | ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ | Износ |
|---|---|---|
| 420000 | Бруто плати на работници во сектор к.хигиена | 8.600.000 |
| 402дел | Расходи за нафта /уље за специјални возила | 1.500.000 |
| 401 дел | Расходи за ХТЗ Опрема | 150.000 |
| 404 дел | Расходи за резервни делови | 1.150.000 |
| 407 дел | Отпис на авто гуми во употреба | 700.000 |
| 411 дел | Расходи за мобилна телефонија | 20.000 |
| 419дел | Осигурување на возила | 80.000 |
| 413 дел | Одржување на возила | 100.000 |
| 449 дел | Трошоци за лекарски преглед на работници | 16.800 |
| 413дел | Одржување на градска депонија | 240.000 |
| | **ВКУПНО** | **11.556.800** |

Иако од планираните расходи произлегува дека расходите се поголеми од приходите , треба да се има во предвид дека реализацијата на ставката ,,Расходи за резервни делови" никогаш не го надминува исносот од 1.000.000,оо денари но се планира во многу поголем износ за да биде усогласено со планот за ЈН каде треба да се предвидат сите резервни делови за сите возила за во случај не дефект да можат да се набават.

**ПЛАНИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО 2023 ГОДИНА**

| ИНВЕСТИЦИИ 2023 | ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Набавка на трактор со приколка за собирање на отпад . | 2.500.000 |
| | **ВКУПНО** | **2.500.000** |

**Сектор Градско зеленило и гробишта**

Во делокругот на работната единица за одржување и уредување на паркови, јавни и зелени површини и речни корита е предвидено редовно планирање на зелените површини во градот, нивно уредување со соодветни видови зелени и цветни насади, со култури од висок саден материјал, изразито стручно градинарско уредување со окопување и чистење на осушени и застарени гранки.

За извршување на дејностите овој Сектор располага со следната машинска опрема:

- Четири бензински моторни косилки -Agrina 51 самоодни;
- Четири рачни моторни косилки-тримери -Husqvarna 553RS;
- Две моторни косилики со седиште;
- Една тракторска косилка McCullock M200-107 TC (комбинирана за косење трева и чистење снег)
- Машина за метење на улици DULEVO 850
- Дувалка за лисја Husqvarna 125BVH
- Бензинска ножица за жива ограда ISKRA HT260B

Во 2023 година се планираат следните работни активности:

-Подигање на нова зелена површина на кејот на река Брегалница кај новиот пешажки мост со засадување на зимзелени дрвца во површина од 414м2;

-Хортикулурно уредување на зелени површини кај нов градски пазар на површина од 2700м2;

-Уредување на Градскиот парк во површина од 7500 м2 : Засадување на сезонско цвеќе; машинско косење на тревник и прихранување на тревни површини со арско ѓубре и поставување на ивичњаци околу озеленетите површини;

-Уредување на паркот пред споменикот на Гоце Делчев со езерца: засадување на украсни зимзелени дрвца и грмушки на површина од 3500м2, засадување на сезонско цвеќе, машиско косење на тревникот и прихранување на тревата со арско ѓубре.

-Уредување на Паркот на Кеј на Ослободување во површина од 10.000 м2 со машинско косење на тревник и прихранување на тревни површини со арско ѓубре, секојдневно чистење, метење и собирање на отпадоци од пешачките патеки и тревникот и засадување и одржување на украсни дрвца и грмушки.

-Уредување на коритото на река Габровчица од мостот кај Општина Делчево до крајот на урбанизираниот дел од градот низ кој поминува река Габровчица со отстранување на дрвјата по коритото и усмерување на водотекот како и подигање и одржување на тревни површини од двете страни на реката;

Покрај горенаведените активности за подигање на нови и доуредување на постојни јавни зелени површини и паркови ЈКП Брегалница-Делчево врши редовно-тековно одржување на градското зеленило и на градските паркови кое ги опфаќа следните работи:

-Машинско косење на трева;

-Рачно косење на трева;

-Гребулење,собирање и изнесување на тревата со количка;

-Кастрење, утовар и изнесување на гранки и лисја од дрва и грмушки;

-Сечење на плевел по патеки и ивици на тротоари;

-Полевање(рачно и со распрскувачи) на тревни површини и жардинерии;

-Окопување на украсни дрвца, грмушки и прашење на ружи;

-Сечење на суви дрва и врби;
-Кроење на зимзелени и цветни грмушки и алпиниуми;
-Садење на сезонско цвеќе;
-Засејување на трева;
-Прихранување на тревни површини со ѓубрива;
-Поправка и фарбање на парковски клупи и реквизити во паркови и игралишта;

За реализација на погоренаведените активности од буџетот на јавното претпријатие во 2023 година за хортикултурно уредување (цвеќе и украсни садници) се планирани вкупно 60.000,оо денари, за набавка на косилки се планирани 300.000,00 денари, за три рачни тримерки и една самоодна косилка .

Вкупни површини --градско зеленило и паркови
кои редовно ги одржува ЈКП "Брегалница"-Делчево

| Р. бр. | Локација-место | Површина во м2 |
|---|---|---|
| 1 | Кеј на река Брегалница | 10.500 |
| 2 | Кеј на река Габровчица | 10.000 |
| 3 | Градски парк пред Спомен дом АСНОМ | 7.500 |
| 4 | Парк со езерца пред споменик на Гоце Делчев | 4.500 |
| 5 | Парк на Кеј на Ослободување | 10.000 |
| 6 | Парк пред Стопанска банка | 250 |
| 7 | Парк пред комплекс Делчевчанка | 200 |
| 8 | Мини парк со фонтана на спој ул. Г. Делчев и П.Гули | 100 |
| 9 | Скверови, косини | 4.600 |
| 10 | Озеленети стази на Бул. Македонија | 2.000 |
| 11 | Жардинерии на Бул.Македонија, ул М.М.Брицо и М.Тито | 8.000 |
| 12 | Универзално спортско игралиште зад стар Пожарен дом | 390 |
| 13 | Детско игралиште во Стар расадник | 80 |
| 14 | Детско игралиште Милково Брдо -ул. Григор Прличев | 250 |
| 15 | Детско игралиште Милково Брдо -ул. Велко Влаховиќ | 200 |
| 16 | Детско игралиште Милково Брдо -ул. Питу Гули | 200 |
| 17 | Мини парк кај стар градски Пазар(пред и спроти Жито маркет) | 350 |
| 18 | Нов градски пазар | 2700 |
| | **ВКУПНО** | **63020м2** |

## ФИНАНСИКСИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА ТЕКОВНОТО ОДРЖУВАЊЕ НА ПАРКОВИТЕ И ЗЕЛЕНИЛОТО ВО ДЕЛЧЕВО

Во 2023 главен извор на финансиски средства за реализација на планираните активности ќе биде приходот од надоместокот за одржување на паркови и зеленило кој беше воведен во 2022 во месечните фактури за комунални услуги за домаќинствата и правните лица.

Исто така се планираат и средства од Буџетот на Општина Делчево наменети за подигање и уредување на паркови и градско зеленило.

## СПЕЦИФИКАЦИЈА

На потребни финансикси средства за тековно одржување на паркови и зелени површини

| Работна операции | Локација-место | Површ. | Пов во год. | Вк. повр/кол | Ед. мерка | Ед. цена без ДДВ | Вк. цена без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Машинско косење на трева | Кеј на Брегалница, Кеј на Габровчица, Парк АСНОМ, Парк кај спом, Гоце Делчев, Парк Кеј на Ослободување, Парк Стопанска банка, Парк комплекс Делчевчанка, Мини парк ул Питу Гули, Мини парк-стар пазар, скверови и косини, стази, жардинерии, Нов градски пазар | 60 700 | 12 | 728.400 | м2 | 1.00 | 728.400 |
| Рачно косење на трева | Скверови и косини, спортски игралишта, детски игралишта | 2120 | 12 | 25440 | м2 | 2.00 | 50.880 |
| Гребулење, собирање и изнесување на тревата со количка | Кеј на Брегалница, Кеј на Габровчица, Парк АСНОМ, Парк кај спом, Гоце Делчев, Парк Кеј на Ослободување, Парк Стопанска банка, Парк комплекс Делчевчанка, Мини парк ул Питу Гули, Мини парк-стар Пазар, скверови и косини, стази, жардинерии | 58 000 | 12 | 696.000 | м2 | 0.30 | 208.800 |
| Кастрење, утовар и изнесување на гранки и лисја | Кеј на Брегалница, Кеј на Габровчица, Парк АСНОМ, скверови и косини, стази Бул Македонија | | | 50 | м3 | 200.00 | 10.000 |
| Сечење на плевел по патеки и ивици | Парк АСНОМ, стази Бул Македонија, жардинерии, скверови, детски игралишта | 22 120 | 4 | 88.480 | м2 | 1.00 | 88.480 |
| Полевање рачно и со распрскувачи на тревник | Кеј на Брегалница, Кеј на Габровчица, Парк АСНОМ, Парк кај спом, Гоце Делчев, Парк Кеј на Ослободување, Парк Стопанска банка, Парк комплекс Делчевчанка, Мини парк ул Питу Гули, Мини парк-стар Пазар, скверови и косини, стази, жардинерии | 58 000 | 12 | 696.000 | м2 | 0.20 | 139.200 |
| Окопување на дрвца, грмушки и прашење ружи; | стази Бул Македонија, жардинерии, Парк АСНОМ, Парк кај спом, Гоце Делчев, Мини парк-стар пазар | | | 600 | бр. | 15.00 | 9.000 |
| Сечење на суви дрва и врби | Кеј на Брегалница, Кеј на Габровчица, Парк АСНОМ, Парк кај спом, Гоце Делчев, Парк Кеј на Ослободување, | | | 60 | бр. | 150.00 | 9.000 |
| Кроење на зимзелени и цветни грмушки и алпиниуми | стази Бул Македонија, жардинерии, Парк АСНОМ, Парк кај спом, Гоце Делчев<br>Парк кај спом, Гоце Делчев,скверови | | | 150 | бр. | 50.00 | 7.500 |
| Садење на сезонско цвеќе од сопствено производство | Парк АСНОМ, Парк кај спом, Гоце Делчев, Парк Кеј на Ослободување, Парк Стопанска банка, Парк комплекс Делчевчанка, Мини парк-стар Пазар, скверови и косини, Стази и жардинерии | | | 3000 | Бр. | 7.00 | 21.000 |
| Засејување на трева | Парк АСНОМ, Парк кај спом, Гоце Делчев, Парк Кеј на Ослободување, Парк Стопанска банка, Парк комплекс Делчевчанка, скверови и косини, Мини парк-стар Пазар стази и жардинерии | | | 2000 | м2 | 20.00 | 40.000 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Прихранување на тревни површини со арско ѓубре | Парк АСНОМ, Парк кај спом, Гоце Делчев, Парк Кеј на Ослободување, Парк Стопанска банка, Парк комплекс Делчевчанка, Мини парк-стар Пазар, скверови и косини, Стази,жардинерии. Нов градски пазар | | | 2.000 | м2 | 20.00 | 40.000 |
| Поправка и фарбање на парковски клупи и реквизити | Парк АСНОМ, Парк кај спом, Гоце Делчев, Парк Кеј на Ослободување, Парк Стопанска банка, Парк комплекс Делчевчанка, Мини парк-стар Пазар детски игралишта | | | 40 | бр. | 100.00 | 4.000 |

Покрај горенаведените дејности во оваа работна единица исто така спаѓа и одржувањето на јавната чистота во Општина Делчево.

Активностите кои ќе се вршат во одржувањето на јавната чистота се предвидени во Програмата за одржување на јавна чистота која секоја година ја донесува Советот на Општина Делчево.

Во одржување на јавната чистота ЈКП "Брегалница"-Делчево ќе се ангажира за следните работи предвидени подетално во Програмата за одржување на јавната чистота:

- Машинско метење на улици,булевари, паркинзи и јавни површини;
- Рачно метење на тротоари, пешачки патеки, парковски стази, паркинзи, пазаришен простор и други отворени јавни површини;
- Миење на улиците;
- Собирање и транспортирање на сметот од улиците, тротоарите и јавните површини, празнење на корпи за отпадоци, отстранување на атмосферски наноси,
- Расчистување на диви депонии и
- Чистење на снегот и мразот од тротоарите и пред јавните објекти.

Во склоп на оваа работна единица а согласно Законот за комунални дејности ЈКП"Брегалница"-Делчево врши и одржување и управување со градски гробишта(водење евиденција за гробни места, резервации и уредување на градски гробишта)

Во 2023 година се планирани : уредување на просторот пред градската капела, поплочување на просторот околу чешмите со бехатон плочки, фарбање на влезните капии и на столаријата на објектите на гробиштата, како и изградба на пешачки патеки.

ЈКП"Брегалница"-Делчево стопанисува со градскиот зелен пазар лоциран времено позади Домот на културата на ул. "С.Марковиќ". Пазарот зафаќа површина од околу 1500м2.

Имајќи во предвид дека во текот на 2023 година ќе се отвори новиот современ Градски Пазар, ЈКП "Брегалница´-Делчево како субјект кој стопанисува со постоечкиот времен Пазар, во 2023 година планира тековно одржување и поправка на постоечките пазаришни тезги и другите постоечки објекти на пазарот.

**ФИНАНСИСКА ПРОЕКЦИЈА НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2023 ГОД ВО СЕКТОР ГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО И ГРОБИШТА**

| ПРИХОДИ-конто | ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ | Износ |
|---|---|---|
| 740067 | Приходи од одржување на паркови и зеленило | 1.800.000 |
| 740037 | Приходи од управување со гробишта | 138.000 |
| 740 дел | Приходи од пазарна такса | 1.300.000 |
| 740063 | Приходи од дозвола за влез во гр.гробишта | 250.000 |
| 740045 | Приходи од такса од полигон | 96.000 |
| 740044 | Прходи од одржување на јавна чистота | 2.000.000 |
| 740028 | Приходи од пристап за изградба на споменик | 100.000 |
| 740029 | Приходи од гробна такса | 1.850.000 |
| 740030 | Приходи од ново гробно место | 210.000 |
| 740015 | Приходи од резервации на гробно место | 10.000 |
| 740 дел | Приходи од одржување на граничен премин | 900.000 |
| 747000 | Приходи од закуп на гр.објект гробишта | 122.000 |
| | Приходи од капела | 240.000 |
| | **ВКУПНО** | **9.016.000** |

| РАСХОДИ-конто | ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ | Износ |
|---|---|---|
| 420дел | Бруто плати на работници/+администрација¼ бруто плата | 6.000.000 |
| 413дел;415; 404 дел 401 дел; 402 дел | Трошоци за одржување на паркови и зеленило+хортикултурно уредување | 300.000 |
| 401 дел | ХТЗ Опрема | 100.000 |
| 402 дел | Потрошена нафта и уље | 230.000 |
| 411 дел | Мобилна телефонија | 12.000 |
| 400 дел | Набавка на материјали и алати | 50.000 |
| 449 дел | Трошоци за лекарски преглед на работници | 12.000 |
| | **ВКУПНО** | **6.704.000** |

**ПЛАНИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО 2023 ГОДИНА**

| ИНВЕСТИЦИИ 2023 | ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА | Износ |
|---|---|---|
| 012000 | Косилки | 300.000 |
| | **ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ** | **300.000** |

Средствата за финансирање на сите планирани активности во Програмата за работа за 2023 година ќе бидат обезбедени од редовни приходи на ЈКП Брегалница-Делчево, од буџетот на Општина Делчево со средства од прибрани приходи по основ на уредување на градежно земјиште за 2023 година, одобрени средства од Владата на РСМ (по огласи, конкурси и др.) како и од домашни и странски донатори.

ЈКП Брегалница-Делчево
Д и р е к т о р
Стојче Стојковски

27.12.2022 год.
Делчево